Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 28.12.2023 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за услови и критериуми за доделување награди за најдобар наставник во одделенска и предметна настава во општинските основни училишта и најдобар наставник во средните општински училишта во Општина Прилеп**

Член 1

Со овој Правилник се регулираат условите и критериумите за доделување награди за еден најдобар наставник во одделенска и еден во предметна настава во општинските основни училишта и еден најдобар наставник во средните општински училишта во Општина Прилеп.

Член 2

Средствата за доделување награди од овој Правилник се предвидува во Буџетот на Општина Прилеп во Програма за доделување на награди за најдобар наставник во одделенска и предметна настава во општинските основни училишта и најдобар наставник во средните општински училишта во Општина Прилеп.

Член 3

Наградите ќе бидат доделени на еден најдобар наставник во одделенска и еден во предметна настава во општинските основни училишта и еден најдобар наставник во средните општински училишта во Општина Прилеп, согласно критериумите утврдени со овој Правилник.

Висината на наградата ќе изнесува 20.000,00 денари за секој наставник поединечно.

Член 4

Право на учество имаат:

- наставници кои се вработени во општинските основни училишта и средните општински училишта во Општина Прилеп;
- наставникот да има засновано работен однос на неопределно работно време во воспитно-образовна институција;
- наставникот да не е орган на раководење во воспитно-образовна установа во моментот на аплицирање;
- право на учество имаат наставници кои не се наградувани последните 5 години.

Член 5

Критериуми за доделување награди за најдобар наставник во одделенска и предметна настава во општинските основни училишта и најдобар наставник во средните општински училишта во Општина Прилеп се:

1.Планирање, реализирање и организирање на наставата (годишно тематско планирање, дневно планирање, уредно водење е-дневник, додатна и дополнителна настава, применува иновативни наставни методи, форми и техники) доказ-потврда од училиштето (мислење од наставничкиот совет).......................................................................................................................**3 бода**

2.Соработка и работа со наставници, родители, со заедницата (доказ – фотографии, записници, белешки).......................................................................................................................**3 бода**

3.Учествување во училишни инклузивни тимови (доказ – решение за учество во тим / комисија и сл.).......................................................................................................................**1 бод**

4.Промовирање на училиштето и Општина Прилеп на (медиуми, фестивали, настани организирани на општинско, државно и меѓународно ниво) доказ – фотографии, потврди .......................................................................................................................**5 бода**

5.Споделување на добри наставни практики во стручни списанија (доказ – прилог од објава) .......................................................................................................................1 **бод**

6.Награда на училишен конкурс (доказ–дипломи, признанија, пофалници, благодарници).......................................................................................................................**1 бод**

7. Награди на натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници за тековната учебна година

- Награда на училишен натпревар (доказ – дипломи, признанија, пофалници, благодарници).......................................................................................................................**1 бод**

- Награда на општински натпревар (доказ – дипломи)
  - Прво место општински натпревар.......................................................................**3 бода**
  - Второ место општински натпревар.....................................................................**2 бода**
  - Трето место општински натпревар......................................................................**1 бод**

- Награда на регионален натпревар (доказ – дипломи)
  - Прво место регионален натпревар......................................................................**6 бода**
  - Второ место регионален натпревар....................................................................**5 бода**
  - Трето место регионален натпревар.....................................................................**4 бода**

- Награда на државен натпрвар (доказ – дипломи)
  - Прво место државен натпревар............................................................................**9 бода**
  - Второ место државен натпревар..........................................................................**8 бода**
  - Трето место државен натпревар...........................................................................**7 бода**

- Награда на меѓународен натпревар (доказ – дипломи)
  - Прво место меѓународен натпревар.................................................................**12 бода**
  - Второ место меѓународен натпревар...............................................................**11 бода**
  - Трето место меѓународен натпревар................................................................**10 бода**

Наградите на општински, регионален, државен и меѓународен натпревар се бодираат само еднаш и тоа највисоко постигнатиот резултат.

8.Учество во рализација на проекти и семинари кои се од значење за воспитно – образовниот процес, согласно наставните планови и програми за основно образование, во тековната учебна година, организирани од акредитирани и регистрирани установи, институции, и здруженија ( доказ – потврда од институцијата, носител на процесот )

- Координатор на меѓународен проект.....................................................................**6 бода**
- Координатор на државен проект..........................................................................**5 бода**
- Координатор на регионален проект......................................................................**4 бода**
- Координатор на општински проект.......................................................................**3 бода**

- Член на тим меѓународен проект...........................................................................**4 бода**
- Член на тим државен проект.................................................................................**3 бода**
- Член на тим регионален проект............................................................................**2 бода**
- Член на тим општински проект.............................................................................**1 бод**

- Учество на семинари и обуки................................................................................**1 бод**

- Дисеминација на семинари и обуки ( потврда од училиштето )......................................**1 бод**

9.Автор или коавтор на учебници издадени во тековната учебна година (доказ – изданија)...........................................................................................................................**10 бода**

10.Автор на стручна литература издадена во тековната учебна година(доказ-изданија)...**4 бода**

Ќе се вреднуваат резултати постигнати во тековната учебна година.

Еден наставник може да конкурира само за еден наставен предмет.

Бројот на пријавени наставници од едно училиште не е ограничен.

Член 6

Начинот на доделување на наградите ќе се спроведи со објавување на јавен повик од страна на Градоначалникот на Општина Прилеп.

Јавниот повик ќе биде објавен на огласната табла на Општина Прилеп и на веб-страната на Општина Прилеп.

Јавниот повик ќе трае 5 (пет) денови, не сметајќи го денот на неговото објавување.

Член 7

Заинтересираните наставници треба да ги достават следните документи до Општина Прилеп:

1. Пријава од наставникот;
2. Потврда од училишето за засновен редовен работен однос на неопределно време;
3. Потврда од училиштето (мислење од наставничкиот совет) за Планирање, реализирање и организирање на наставата (годишно тематско планирање, дневно планирање,

уредно водење е-дневник, додатна и дополнителна настава, применува иновативни наставни методи, форми и техники).

4. Доказ – фотографии, записници, белешки за Соработка и работа со наставници, родители, со заедницата
5. Доказ – потврда за учество во тим / комисија и сл. за учествување во училишни инклузивни тимови
6. Доказ – фотографии, потврди за промовирање на училиштето и Општина Прилеп на (медиуми, фестивали, настани организирани на општинско, државно и меѓународно ниво)
7. Доказ – прилог од објава за споделување на добри наставни практики во стручни списанија
8. Доказ–дипломи, признанија, пофалници, благодарници за награда на училишен конкурс
9. Доказ – дипломи, признанија, пофалници, благодарници за награди на натпревари организирани од акредитирани здруженија на наставници за тековната учебна година
10. Доказ – потврда од институцијата, носител на процесот за учество во рализација на проекти и семинари кои се од значење за воспитно – образовниот процес, согласно наставните планови и програми за основно образование, во тековната учебна година, организирани од акредитирани и регистрирани установи, институции, и здруженија
11. Потврда од училиштето за учество на семинари и обуки и дисеминација на семинари и обуки
12. Доказ – изданија за Автор или коавтор на учебници издадени во тековната учебна година и Автор на стручна литература издадена во тековната учебна година
13. Нотарски заверена изјава од наставникот дека доставените документи се вистинити и дека податоците одговараат на прикажаната состојба;
14. Изјава за давање согласност за обработка и користење на личните податоци;
15. Фотокопија од личната карта на наставникот.

Член 8

Пријавите на наставниците со потребната документација треба да се достават до архивата на Општина Прилеп или да се достават по пошта до: ЕЛС Општина Прилеп ул.,,Прилепски Бранители” бр.1 Прилеп со назнака: ,,За јавниот повик за доделување награди за најдобар наставник во одделенска и предметна настава во општинските основни училишта и најдобар наставник во средните општински училишта во Општина Прилеп”

Член 9

Доставените пријави согласно јавниот повик ги разгледува Комисијата за опшествени дејности и заштита на правата на децата на Советот на Општина Прилеп.

Комисијата некомплетните и ненавремни пријави не ги разгледува.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг-листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Член 10

Градоначалникот на Општина Прилеп врз основа на доставената ранг-листа од Комисијата донесува Одлука за доделување награди за најдобар наставник во одделенска и предметна настава во општинските основни училишта и најдобар наставник во средните општински училишта во Општина Прилеп

Одлуката за доделување награди за најдобар наставник во одделенска и предметна настава во општинските основни училишта и најдобар наставник во средните општински училишта во Општина Прилеп која ја донесува Градоначалникот на Општина Прилеп ќе се објави и на веб-страната на Општина Прилеп.

Член 11

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 09-4248/21
28.12.2023 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Дејан Продановски